**ОСНОВНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ„Св.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ„МАКЕДОНСКИ БРОД**

Ул:Партизанска бр33   6530 Македонски Брод, тел/фах
045 274-131
e-mail:oukliment@yahoo.com
ou-kliment-ohridski.makedonskibrod@schools.edu




**ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДЕНАТА САМОЕВАЛУАЦИЈА ЗА ПЕРИОД 2014-2016 ГОДИНА**

**Август,2016 год.**

**ИЗВЕШТАЈ**

**за спроведената Самоевалуација за период 2014-2016 година со предлог мерки за подобрување на наставата**

Врз основа на член 147 став 3 од Законот за основно образование (“Сл.весник на Р.Македонија бр. .103/2008, бр. 33/2010, 116/2010,156/2010,18/2011,51/2011, 06/2012, 100/12,24/13, 41/14, 116/14,135/14, 10/16, 98/15,145/15, 30/16 ) и донесената одлука од страна на Училишниот одбор при ООУ „ Св.Климент Охридски “-Македонски Брод број 02-130/11 од 22.02.2016г. ја формира училишната комисија која треба да изготви извештај за извршената самоевалуација за периодот 2014 - 2016 година, со предлог мерки за подобрување на работата на училиштето во следните години.

| | |
|---|---|
| **Комисијата во состав** | Тони Танески – од совет на родители -родител |
| Милисав Димоски -пом.директор | Александар Станкоски- наставник |
| Сузана Тренгоска -психолог | |
| Билјана Златеска- наставник | |

**ЦЕЛИ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА:**

- Целта на евалуацијата претставува модификација, усовршување, унапредување на практиката.
- Евалуацијата претставува основа за интервенција, акција – акционен план и програма за развој
- Сознанијата до кои се доаѓа со евалуацијата имаат улога на коректор на планирањето и реализацијата на понатамошните активности

Самоевалуацијата на нашево училиште е базирана на концептот Училиште по мерка на детето (УМД) и има за цел да обезбеди увид во состојбата на напредувањето на училиштето по однос на сите шест УМД димензии (Инклузивност,Ефективност, Здравје и безбедност,Родова сензитивност,Партиципација на учениците, Родителте и заедницата и Почитување на детските права и мултикултурализмот) низ перспективата на

наставниците,учениците и родителите.Во таа смисла на самоевалуацијата се гледа како на средство што му овозможува на училиштето да развие стратегија за остварување на УМД стандардите преку непосредно и активно учество на наставниците и родителите во текот на целиот процес- од идентификување на состојбата до креирање на плановите за подобрување на состојбата

**Очекувани резултати**

- Реализацијата на самоевалуацијата секогаш ќе резултира со спојување на индикаторите од сопствената проценка на квалитетот, со потребата за унапредувања на квалитетот на наставата на ниво на училиштето;
- Самоевалуацијата ја поттикнува меѓуколегијалната педагошко-психолошка расправа за важноста во подобрувањето на воспитно-образовниот квалитет во поучувањето;
- Податоците ќе му помогнат на училиштето да изврши самоанализа на сопственото делување, а со тоа ја проценува сопствената предност пред другите или недостатоците за усогласување и градење на тимската работа во наставниот процес;
- Самоевалуацијата ја поттикнува мотивацијата и кај наставниците и кај учениците;

**Кој ќе има полза од самоевалуацијата?**

- **Учениците** ќе имаат квалитетна настава, ќе имаат квалитетна комуникација и подобра мотивација во наставниот процес;
- **Наставниците** организирано ја зголемуваат и унапредуваат методско-дидактичката автономија на професионален план при усовршување на наставниот процес, ги развиваат можностите за поттикнување на квалитет во сопственото работење и поучување во училиштето;
- **Училиштето** од севкупното препознавање на компонентите во системот на доживотното учење, самостојно ги разграничува и класификува позитивните и негативните страни. Од добиената анализа го креира и унапредува сопствениот развој на квалитетот на наставниот процес;
- **Поширокaта општествена заедница** има придобивки од квалитетното образование во училиштето. Подигнато е нивото на квалитетот на знаења и способности на корисниците на услугите од страна на локалниот бизнис сектор, услужните дејности и другите организации и поединци. Општествената средина ги поттикнува и мотивира младите за стекнување на знаења, вештини и способности во наставата и учењето.

Самоевалуацијата во системот на доживотното учење е емотивен генератор на индивидуалната и колективната свест за промена на самите себеси, за унапредување на наставната работа во доближување кон потребите на нашите ученици.

**Системот на евалуацијата е изграден со почитување на следните принципи:**

- **Релевантност** – предмет на евалуацијата се најбитните подрачја и аспекти на образовниот процес, значајни од аспект на јавно прифатени образовни стандарди и преточени во операционализирани и препознатливи индикатори за квалитет.
- **Корисност** – суштината на евалуацијата е корисна, од неа произлегуваат информации кои помагаат во планирањето на корективни, иновативни и други акции кои се во функција на унапредување и задржување на квалитетот на наставата, учењето и резултатите на учењето.
- **Изводливост –** целта на евалуацијата е реална со предметот, условите, средствата, времето и кадарот.
- **Валидност –** евалуацијата обезбедува сознанија за она што се однесува на објективен, доверлив, јасен и употреблив начин**.**
- **Транспарентност –** содржи програми, нивоа на програмски барања, образовни стандарди и критериуми за вреднување, оценки кои треба да бидат јасни и познати како на евалуаторот, така и на оној чија работа се евалуира и на сите останати заинтересирани актери во образовниот процес.
- **Професионалност –** организационите, методичките и техничките аспекти на евалуацијата се на ниво на современи професионални стандарди, а тоа подразбира дополнително оспособување за планирање и реализирање на евалуација и самоевалуација.
- **Благовременост –** временските процеси во кои се вршат евалуативните активности и повратните информации за резултатите од евалуацијата се така планирани за да може да има корист оној кој што се евалуира и оној кој ја планирал евалуацијата од повратните информации кои ги добиваат, односно да имаат време да преземат потребни корективни мерки или да донесат потребни одлуки
- **Достапност –** информациите собрани во процесот на евалуација се во употреблива форма да му бидат соопштени на оној на кого се однесуваат
- **Партиципативност –** секогаш двете страни учествуваат во донесувањето на одлуки за евалуацијата (вработените и директорот)
- **Доброволност –** важи за сите оние облици на евалуација кои не се со закон пропишани

Предмет на самоевалуација се **седум клучни подрачја** кои се однесуваат на главните аспекти од работата на училиштето и во секоја област работеше посебна група наставници:

| ***Подрачје*** | ***Работна група*** |
|---|---|
| **Наставни планови и програми** | **Сузана Тренгоска**, Мирјана Станоевска,Блажеска Гордана, Бобан Јандрески,Вера Китаноска,Мартина Танеска - ученик |
| **Постигнувања на учениците** | **Александар Станкоски,** Јасмина Батанџиоска,Златко Ристески, Наташа Стојковска, Јагода Стефаноска, Емилија Толеска-ученик |
| **Учење и настава** | **Билјана Златеска**,Рената Т.Кузманоска, Нада Јаќимоска, Васе Сиљаноски,Наташа Когој , Симона Трајкоска-ученик |
| **Поддршка на учениците** | **Тони Танески,** Јовица Блажески ,Николина Кочоска,Жарко Блажески ,Ирена Кулеска, Сара Симјаноска-ученик |
| **ЕТОС (училишна клима)** | **Милисав Димоски** ,Јасмина Трајаноска,Маријана Ставреска,Горан Ѓуроски , Драгана Златеска,Љубе Војнески-ученик |
| **Ресурси** | **Сузана Тренгоска,** Гордана Трајаноска,Даниел Кузманоски, Гоце Стојановски, Елизабета Темелкоска,Георги Милошески-ученик |
| **Раководство, креирање политика** | **Милисав Димоски**,,Јасмина Јованова, Марјана Трпеска, Елена Новеска, Светлана Танеска ,Матеј Кузманоски-ученик |

**Подобрување на работата на училиштето -Обезбедување на квалитет во образованието**




Во секое подрачје групата наставници работеше по однапред изготвени индикатори кои го мерат квалитетот на работата на училиштето, а како извори на податоци се користеа: интервју, прашалници (анкета) за ученици, родители, наставници, увид во педагошката евиденција и документација, анализа на документи, разговори.Самоевалуацијата се спроведе во периодот март- август, 2016 година. Користен е Прирачник **Самоевалуација по мерка на детето – училиште по мерка на детето и Самоевалуацијата како фактор за успешна интегрална евалуација на училиштата.**

## 1..НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

Училиштето планира и реализира повеќе видови на настава – задолжителна, дополнителна, додатна, слободни ученички активности и други воннаставни активности. Наставни планови и програми се направени, во согласност со МОН и БРО и се реализираат во пропишаниот обем. Наставниците при планирањето на наставата редовно соработуваат со стручната служба. Училиштето користи повеќе начини да ги информира родителите за својата работа и истите да ги вклучи во неа. Училиштето им овозможува на ученици да бидат вклучени во воннаставните активности во зависност од нивните желби и можности и активно да учествуваат во изготвувањето на програмите за воннаставните активности, каде наставниците ја имаат советодавно - координативна улога.

Според направената SWOT или TOWS анализа за ова подрачје следува:

**Клучни јаки страни**

- Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од МОН
- Наставните планови и програми се приспособуваат на можностите на учениците
- Тимска работа
- Училиштето нуди повеќе од 3 изборни предмети
- Перманентна едукација на наставниот кадар
- Секому достапна информатичка технологија
- Работата на училиштето е јавна. Сите заинтересирани страни имаат можност да се запознаат со активностите на училиштето и низ неговите институции можат да влијаат врз реализација на истите.
- Во училиштето посебно се води сметка за правата на децата и нивно активно вклучување во животот и работата на училиштето.
- Воннаставните активности имаат посебно место во воспитно-образовниот процес, каде се води сметка да бидат опфатени сите ученици според личните определби, можности и афинитети.
- Организирање на бројни семинари и обуки за стручно и методско-дидактичко оспособување на наставниот кадра за современа настава од стана на МОН и БРО како и други органи и организации заинтересирани за развој на образовнаието.

- Постојат добри примери на соодветно интегрирани содржини со особености од локална средина
- Меѓупредметна интеграција
- Интеграција на проекти: МИО, Еко-пакет, ИЕЕМОС
- Учениците со поддршка на наставниците учествуваат на проекти, натпревари, манифестации.

**Слабости**

- Потреба од поголеми компетенции на наставниците за работа со талентирани и надарени деца
- Недостаток на наставни средства и помагала за работа со талентирани и надарени деца
- Модернизација на наставните планови и програми од страна на БРО.
- Мал број на стручна литература и списанија.
- Недостаток на затворен и функционален простор за презентација на резултатите од воннаставните активности

**Можности**:

- Изнаоѓање на разни медиуми( начини) за информирање на пошироката јавност за целите на наставните планови и програми што се реализираат
- Поддршка од бизнис сектор и локална средина на надарени и талентирани ученици

**Закани**

- Обемност на наставните планови и програми и оптовареноста

**Идни активности од ова подрачје кои можат да бидат вклучени во програмата за развој на училиштето**

- Изнаоѓање средства и начини за опремување на училиштето со соодветни наставни помагала и наставни средства.
- Тимска изработка на годишните планирања по вертикала со цел да се постигне поголема интеграција меѓу различни наставни предмети
- Перманетно стурчно усовршување на наставниот кадар.и едукација на за работа со талентирани и надарени деца,
- Поголема соработка меѓу наставниците при изработка на годишните планирања.
- Адаптирање на функционален простор за презентација на сите активности во училиштето.

## 2. ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

Училиштето перманентно ја следи работата и постигањата на учениците без разлика на половата и етничката припадност и социјалниот статус на семејството. Наставниците ги мотивираат учениците и ја стимулираат нивната работа, самоиницијативност и креативност. Резултатите за постигнатиот успех на Одделенските совети се споредуваат со претходните периоди. Критериумот на оценување е објективен и јавен, а оценките се пишуваат транспарентно и со образложение. Родителите редовно и навремено се информирани за постигањата на учениците преку родителски средби и Е-дневникот кој е во склоп на веб-порталот на училиштето. Екстерното проверување на учениците е успешно спроведено и реализирано во целост. Констатирано е дека во нашето училиште нема осипување на ученици, а една ученичка која беше упатена на одд.испит не го заврши одделението.

Според направената SWOT или TOWS анализа за ова подрачје следува:

**Клучни јаки страни**

- Континуирано следење на постигнување на ученици од различна полова, етничка припадност според наставни предмети Подобрувања на постигнувања на ученици преку редовна , дополнителна и додатна настава.
- Добра соработка меѓу наставниците, директорот и стручната служба и нивна координирана работа.
- Солиден број на одлични ученици (или 38,81%) и задоволителни постигнувања на учениците.
- Опфатеност на ученците со воннаставните активности организирани во секции и групиПродуктивната работа од овие секции се експонира на одредени училишни манифестации и приредби, а најмногу преку ученичките натпревари на општинско, регионално и државно ниво.
- Наградување на учениците кои постигнале значајни резултати на натпревари и конкурси.
- Примена на компјутери и интерактивна табла во наставата.
- Значајни постинувања во делот на екологијата и безбедноста на учениците.
- Училиштето беше наградено од страна на МОН за едно од трите најбезбедни и најчисти училишта во Р. Македонија.
- Подобрениот успех е резултат и на состаноците на ниво на стручни активи.
- Ефективна работа на стручната служба во училиштето.

| |
|---|
| • За постигање на учениците, родителите се редовно известувани преку родителските средби, Е-дневник и меѓусебната соработка на релација наставник – ученик – родител – стручна служба – директор. |
| **Можности:**<br>• Поддршка од родителите |
| **Закани**<br>• Мала соработка со родителите на учениците со слаб успех.<br>• Обемност на наставните планови и програми и оптовареноста |
| **Слабости**<br><br>• Рана идентификација и работа со талентирани ученици.<br>• Слаба соработака со родителите на учениците со слаб успех<br>• Немање на кабинетска настава.<br>• Недостаток на посовремени наставни и нагледни средства.<br>• Објективното и транспарентното оценување на постигнувањата на учениците повремено и во одредени случаи се нарушува особено на крајот на учебната година кога се инсистира на подобри оценки за учениците |
| **Идни активности од ова подрачје кои може да бидат вклучени во програмата за развој на училиштето**<br><br>• Подобрување на соработката со родителите на учениците со слаб успех<br>• Осовременување на наставата со употреба на современи наставни средства и помагала.<br>• Разновидна примена на современи наставни форми и методи.<br>• Продолжување со едукација на наставниот кадар за користење на современа информатичка и друга технологија во наставата.<br>• Примена на формативен и сумативен начин на оценување на учениците.<br>• Почеста примена на интерактивната табла.<br>• Охрабрување на учениците за понатамошно развивање на еко-свест. |

## 3. **УЧЕЊЕ И НАСТАВА**

Наставниците подготвуваат годишни, тематски и тематско-процесни планирања на почетокот од учебната година. Редовно пишуваат дневни подготовки за час во електронска форма и неделно истата ја доставуваат до педагошко-психолшката служба. Во планирањата се вклучени и различни методи на оценување и нагласени се и инструменти преку кои се спроведува формативното и сумативното оценување. Наставниците ги планираат сите задачи и активности кои треба да се реализираат во училиштето или дома, а истите се прилагодени на потребите на учениците за да ги постигнат предвидените цели на наставата. Начинот на кој се учи во училиштето е интересен и со охрабрување од страна на наставниците се повеќе се мотивираат што поголем број ученици да земат активна улога во самиот час, особено со употребата на smart-таблата. Учениците и родителите се запознати како со стандардите за оценување така и со кодексот на оценување. Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува.

Според направената SWOT или TOWS анализа за ова подрачје следува:

| |
|---|
| **Клучни јаки страни:** Навремено и квалитетно реализирани наставни планови и програми согласно со МОН и БРО<br><br>• Навремена изработка на годишните глобални планирања, тематските и тематско-процесните планирања.<br>• Активно учество на наставниците во работата со учениците<br>• Воспоставени системи за следење на наставен час<br>• Презентирање на ученичките трудови како од централното така и од сите подрачни училишта<br>• Учениците се групираат во секции според афинитетите и желбите<br>• Оценувањето на учениците е објективно и транспарентно<br>• Постои тимска работа на наставниците<br>• Родителите редовно се известуваат за постигањата на учениците |
| **Можности:** Поддршка од родителите |
| **Закани** : Мала соработка со родителите на учениците со слаб успех.<br>• Обемност на наставните планови и програми и оптовареноста |
| **Слабости:** Неопременост на две училници со компјутери во кои има соодветна компјутерска инсталација. |

- Немање на кабинетска настава освен по предметот ликовно образование.

**Идни активности од ова подрачје кои може да бидат вклучени во програмата за развој на училиштето**

- Осовременување на наставата, примена на современи форми и методи на работа
- Опремување на кабинет по техничко образование

## 4.ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

Констатира е дека сите субјекти во воспитно-образовниот процес придонесуваат за позитивна клима за работа. Училиштето прави се сите ученици да се чувствуваат безбедно што потврдено со добивањето на највисокото признание за најчисто и најбезбедно училиште од старана на МОН, да се воспитуваат, образуваат и социјализираат, со што ќе го постави темелот и ќе учествува во изградувањето и формирањето на позитивни личности. Училиштето води грижа за изборот на понатамошното образование наученуците од деветто одделение преку разговори, презентации, брошури и сл.

Според направената SWOT или TOWS анализа за ова подрачје следува:

**Клучни јаки страни**

- Училиштето им дава подршка на учениците, без разлика од полот или социјалната основа
- Наставниците секојдневно водат евиденција за редовноста, поведението и постигањата на учениците во одделенските дневници, Е-дневникот и евидентните листови
- Родителите навремено се известуваат за постигнувањата на своите деца
- Професионалната ориентација со учениците од IX одд. навремено се извршува (почнувајќи веќе од VIII одд.), се разгледуваат и објаснуваат објавените конкурси од средните училишта и се вршат индивидуални разговори и презентации.
- Соработка со СОУ „Св. Наум Охридски" Македонски Брод
- Редовно советување со родителите на учениците кои покажуваат намален интерес за наставата, имаат слаби постигнувања и не се придржуваат до кодексот на однесување во училиштето.

| |
|---|
| **Можности:**<br>• Поддршка од родителите |
| **Закани**<br>• Мала соработка со родителите на учениците со слаб успех.<br>• Обемност на наставните планови и програми и оптовареноста на учениците со истите |
| **Слабости**<br>• Недоволна заинтересираност на родителите за црпење на информации од училиштето за професионалната ориентација на нивните деца<br>• Недоволна соработка со средните училишта од другите општини |
| **Идни активности од ова подрачје кои може да бидат вклучени во програматаза развој на училиштето**<br>• Подобрување на соработката со средните училишта од други општини<br>• Едукација на родителите со улогата на училиштето во развојот на нивните деца. |

**5. ЕТОС ( училишна клима)**

Училишната клима е на највисоко ниво, а тоа се манифестира преку еднаков и праведен приод кон сите ученици, вработени и родители. Изработените кодекси и пропишаните правила и норми се почитуваат без отстапување. За да се постигне ваква позитивна клима раководниот тим и другите органи ја креираат политиката за позитивни достигнувања. Тимската и професионалната работа на наставниот кадар е посебна одлика која го прави училиштето постојано отворено за соработка во наставниот триаголник (ученик - наставник - родител), како и со градоначалникот, локалната самоуправа, деловната заедница, МОН и БРО. Стручната служба преку реализација на своите програмски активности придонесува учениците да учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација. Постигањата и резултатите на учениците континуирано се следат и се презентираат во предвидените периоди и Е-дневникот. Училиштето нема поголеми проблеми во

однос на поведението и дисциплината на учениците. Редовно се промовираат постигањата на учениците, а преку нив и промоција на училиштето на локално и пошироко ниво. Успешното оценување на ниво на училиште е потврдено со почитување на критериумите за формативно и сумативно оценување кои наставниците ги приложуваат во рамките на нивните годишни планирања и бараните стандарди од страна на БРО и успешното екстерно тестирање и интерно проверување

Според направената SWOT или TOWS анализа за ова подрачје следува:.

**Клучни јаки страни**

- Позитивна клима за работа во училиштето
- Соработката меѓу наставниците и учениците се базира на взаемна доверба и почитување
- Редовна посетеност на наставата и примерно поведение на сите ученици
- Континуирана мотивација на учениците за подобри постигнувања и резултати
- Значајни постигнувања на натпревари
- Добра училишна клима меѓу вработените, учениците.
- Начинот на кој функционираат тимовите во училиштето.
- Следењето на работата на наставниците, нивна едукација, усовршување, перманентен развој, наградување.
- Помеѓу учениците и наставниците постои взаемна подршка и клима на отвореност за соработка.
- Училиштето успешно ги надминува проблемите поврзани со дисциплината и поведението на учениците
- Почитување на разликите на учениците и давање на сите ученици еднаква можност да учат, да се развиваат и да го надградуваат своето знаење
- Сите ученици имаат еднаква можност да учат, да се изразуваат, активно да учествуваат на конкурси, натпревари
- Сите ученици континуирано и објективно се оценуваат
- Сите имаат еднаква можност да ја користат образовната и информатичка технологија со која располага училиштето
- Избирање најдобар ученик на паралелка и наградување од страна на бизнис секторот

| |
|---|
| • Организирање на приредби, изложби, и сл.<br>• Обезбедување на дипломи на одличните ученици и за учениците со континуиран одличен успех<br>• Обезбедување на награди на најдобриот ученик од секое одделение од шесто до девето одделение од страна на бизнис секторот “Рудпроинг-мустакос“ Мак.Брод<br>• Почитување на детските права<br>• Остварена меѓународна соработка со училиште од Халинов Република Полска<br>• Советување на родителите од страна на психологот<br>• Отвореност на училиштето за соработка со родителите<br>• Соработка со други институции, ЛС, БРО, МОН и ДИЦ |
| **Слабости**<br><br>• Недоволна соработка од страна на  родителите на учениците со послаб успех<br>• Отпор кон промени кај мал дел од наставниците<br>• Потреба од едукација на наставниците за работа со надарени и талентирани ученици<br>• Потешкотиите на кои наидуваат во редовната настава наставниците кои во паралелката имаат ученици со посебни потреби и пречки во развојот |
| **Можности**<br>• Партнерства со други училишта<br>• Развој на технологијата и иновациите<br>• Поддршка од локалната средина<br>• Обуки за работа со талентирани ученици;<br>• Подобрување на условите за олеснување на работата на децата со посебни потреби |
| **Закани**<br>• Ефекти од опкружувањето<br>• Ефекти од образовните промени<br>• Економската состојба |

**Идни активности од ова подрачје кои може да бидат вклучени во Програмата за развој на училиштето**

- Промовирање на постигањата на учениците на локално ниво, државно и меѓународно ниво
- Соработка со родителите, посебно со оние чии деца се со послаб успех
- Продолжување на соработка со други училишта и со училишта од мешан етнички состав.
- Формирање на тим за промоција и афирмација на училиштето
- Уредување на надворешниот изглед на училиштето(фасадата)
- Обука на наставниците за работа со надарени и талентирани ученици

## 6. РЕСУРСИ

Наставата се изведува во едно централно и седум подрачни училишта. Училишниот простор е така среден и организиран да може наставата непречено да се одржува. Училиштето постојано ги подобрува просторните капацитети за што се заслужни вработените, кои преку акции го подобрија училишниот простор. Училиштето настојува да биде во тек со новините во наставата и затоа постојано ги следи и набавува новите нагледни средства. Наставниот кадар е стручно застапен што е и услов за квалитетна настава. Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот, а има и внатрешни механизми за оддавање признанија на успешните наставници што внесуваат ефективни иновации во работата. Стручната служба во својата програма за работа планира и спроведува разновидни активности за работа со учениците и наставниците и е отворена за помош и соработка. Раководниот кадар редовно го следи наменското трошење на буџетот со цел да добие соодветен квалитет за потрошените финансиски средства. Јавните набавки се изведуваат комисиски според Законот за јавни набавки и редовно се доставуваат извештаи до Бирото и Советот за јавни набавки по електронски пат за спроведените набавки.

Според направената SWOT или TOWS анализа за ова подрачје следува:

| |
|---|
| **Клучни јаки страни:**<br><br>• Наставниците секогаш ги посетуваат семинарите за стручно усовршување.<br>• Размена на искуства меѓу наставниот кадар<br>• Максимална искористеносот на наставните и нагледните средства и помагала со кои располага училиштето, стручна литература, потрошен материјал<br>• Соодветен стручен кадар<br>• Редовна присутност на вработените на работното место според прописите.<br>• Следење на потребите за професионален развој на вработените од страна на директорот и организирање на стручни предавања и семинари<br>• Добра соработка со локалната самоуправа |
| **Слабости:** Недостиг на кабинетска настава<br>• Недостиг на нагледни средства по сите предмети, аудио и видео помагала<br>• Не водење на електронска евиденција на книгите во библиотеката. |
| **Можности:** Поддршка од локална средина |
| **Закани :**Динамика на организирање на семинари од БРО , МОН и акредитирани институции;<br><br>• Отсуство на финансиска поддршка за реализација на некои корекции во инфракструктура |
| **Идни активности од ова подрачје кои може да бидат вклучени во програмата за развој на училиштето**<br><br>• Изградба на асфалтирано фудбалско игралиште ПУ Манастирец<br>• Снабдување на училиштето со современи средства и помагала.<br>• Подобрување на просторните капацитети (реновирање на училиштето, и подрачните училишта).<br>• Изградба на санитарен чвор во стариот дел на училиштето и замена на парниот котел<br>• Обезбедување на стручна литература за наставниците.<br>• Обезбедување од страна на МОН на нови посовремени лап-топ компјутери за наставниците.<br>• Реконструкција на покривната конструкција и менување на дограмата во подрачните училишта во кои не е сменета<br>• Адаптација на простории за наставничка канцеларија и за училница<br>• Поставување на училишна ограда во подрачните училишта каде што нема.<br>• Санација на сместувачкиот дел на учениците во ПУ Манастирец |

## 7. РАКОВОДСТВО, КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА

Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето. Состаноците што се одржуваат од страна училишниот одбор се редовни со претходно составен и осмислен дневен ред и план за работа, а одлуките кои ги носи се достапни за останатите субјекти на училиштето. Раководниот орган успешно ги согледува, ги координира и ги обединува сите активности и потреби на сите вклучени страни во работата на училиштето. Раководниот орган постојано ја поттикнува, развива и следи тимската работа. Донесува праведни и одговорни одлуки и има професионален однос кон работата, која се заснова на најнови вештини и има способност ефективно да делегира надлежности, да комуницира со учениците, вработените и родителите. Иницира и успешно спроведува промени во работењето на училиштето и во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците и постојано подобрување на имиџот на училиштето. Успешно и продуктивно остварува партнерства со градоначалникот, локалната заедница , невладиниот сектор како и други институции кои се поврзани со делокругот на работата на училиштето. Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Целите ги поставивме и наповисоко ниво со меѓународната соработка т.е. со збратимувањето со училиштето од Халинов Република Полска, што е основа за почнување на соработка и на ниво на двете општини.Тие се јасни и се насочени кон подобрување на квалитетот на наставата и подобрувања на постигањата на учениците. Училиштето преку редовно одржување на состаноци со совети на родители, родителски средби и наставнички совет ги запознава сите заинтересирани субјекти за реализација на поставените цели, земајќи ги притоа во предвид нивните предлози и ставови.

Според направената SWOT или TOWS анализа за ова подрачје следува:

**Клучни јаки страни:**

- Раководниот орган донесува одговорни одлуки и успешно раководи со промените во образовниот систем
- Работата на Училишниот одбор е јасно дефинирана со деловник за работа.
- Директорот на училиштето води грижа за целокупната организација и реализација на воспитно – образовната и стручната работа во училиштето.

- Директорот има професионален однос кон работата кој е заснован на најнови знаења , вештини и тимска работа.
- Во училиштето постои план за следење и евалуација на реализација на активностите
- Раководството на училиштето во склоп на материјалните можности ги поддржува учениците и наставниците во нивните постигања, ги наградува, пофалува и се грижи за нивното здравје.
- Раководниот орган иницира и успешно спроведува позитивни промени во работењето на училиштето
- Навремено изготвување и доставување на Годишната програма и Извештајот за работа на училиштето
- Еднакви права и обврски на учениците од централното и подрачните училишта
- Меѓународна соработка со училиштето од Халинов – Полска
- Успешна реализација на ПМИО со ОУ „Пере Тошев“ – с.Десово
- Успешно раководење со промени во образовниот систем и подготвеност за прифаќање на истите од страна на вработените
- Тимска работа со вклучување на вработените во процесот на развој на планирање и обезбедување квалитет
- Поддршка на професионален развој на вработените
- Училишниот одбор е транспарентен во својата работа и има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите образовни структури

**Можности**

- Поддршка од локална средина
- Поцелосно и навремено информирање на наставниците за одлуките на Училишниот одбор, како и можност за учество и влијание при нивно донесување

**Закани**

- Динамика на организирање на семинари од БРО , МОН и акредитирани институции;
- Отсуство на финансиска поддршка за реализација на некои корекции во инфракструктура

**Слабости:**

- Вертикална соработка на стручните активи (одделенска настава- предметна настава)
- Соработка со средните училишта во насока на повратна информација за постигањата на учениците

| |
|---|
| • Недоволно материјални средства за поддршка на учениците за нивните постигања.<br>• Недоволно материјални средства за реновирање на училиштето како и на подрачните училишта<br>• Недостаток на спремност и волја за соработка и помош од родители |
| **Идни активности од ова подрачје кои може да бидат вклучени во програмата за развој на училиштето**<br><br>• Мобилизирање на учениците во процесот на донесување одлуки<br>• Поголема вклученост на родителите во работата на училиштето<br>• Донесување правилник за стимулирање на наставници и ученици<br>• Подобрување на условите за работа во подрачните училишта (санација и реконструкција) |

**До следната самоевалуација училиштето како основа ќе ги има јаките страни и приоритетите кои се внесени и во Програмата за развој, а тие се:**

| **Јаки страни на училиштето** |
|---|
| 1. Во училиштето посебно се води сметка за правата на децата и нивно активно вклучување во животот и работата на училиштето.<br>2. Наставниот кадар е во чекор со модернизацијата во наставата со што се зголемува креативноста и се збогатува наставниот процес.<br>3. Многу добра соработка меѓу наставниците, директорот и стручната служба<br>4. Раководниот орган иницира и успешно спроведува промени во работењето на училиштето<br>5. За постигањата на учениците, родителите се редовно известувани преку родителските средби,училишниот весник, Е-дневник, WEB портал и меѓусебната соработка на релација наставник – ученик – родител – стручна служба – директор.<br>6. Навремено и квалитетно реализирани наставни планови и програми согласно со МОН и БРО.<br>7. Навремена изработка на годишните глобални планирања, тематските и тематско-процесните планирања.<br>8. Постои тимска работа на наставниците.<br>9. Наставниците секојдневно водат евиденција за редовноста, поведението и постигањата на учениците во одделенските дневници, Е-дневникот и евидентните листови<br>10. Професионалната ориентација со учениците од IX одд. навремено се извршува(почнувајќи веќе од VIII |

| |
|---|
| одд., се разгледуваат и објаснуваат објавените конкурси од средните училишта и се вршат индивидуални разговори и презентации.<br>11. Позитивна клима за работа во училиштето.<br>12. Континуирана мотивација на учениците за подобри постигнувања и резултати<br>13. Редовна присутност на вработените на работното место според прописите<br>14. Многу добра соработка со градоначалникот и локалната самоуправа<br>15. Еднакви права и обврски на учениците од централното и подрачните училишта<br>16. Изготвен работен план за наредната година<br>17. Продолжена соработката со училиштето од Халинов - Република Полска<br>18. Признание за најбезбедно и најчисто училиште училиште<br>19. За секој ученик има изготвено портфолио.<br>20. Според законските прописи сите наставници внесуваат податоци во електронскиот дневник.<br>21. Односите во училиштето нормативно се уредени со: куќен ред, кодекс на однесување на учениците, наставниците, другите вработени и родителите.<br>22. Изработени се:химна, лого, знаме, еко-химна. |
| **Предлог мерки и препораки за развој во наредниот период** |
| 1. Перманетно стручно усовршување на наставниот кадар<br>2. Осовременување на наставата со употреба на современи наставни средства.<br>3. Да се посвети поголемо влијание на воспитната компонента кај учениците.<br>4. Примена на формативен и сумативен начин на оценување на учениците.<br>5. Да се потикнува самооценувањето на учениците<br>6. Донесување правилник за стимулирање на наставници и ученици |

7. Мобилизирање на учениците во процесот на донесување одлуки
8. Обезбедување од страна на МОН на нови посовремени лап-топ компјутери за наставниците.
9. Формирање на тим за промоција и афирмација на училиштето
10. Почеста примена на интерактивната табла.
11. Адаптирање на функционален простор за презентација на сите активности во училиштето.
12. Адаптација на оростории за наставничка канцеларија и за училница
13. Да се продолжи со доделување на разни награди на учениците и вклучување на бизнис секторот по примерот на “Рудпроинг-мустакос“
14. Запознавање на родителите со улогата на училиштето  во развојот на нивните деца.
15. Подобрување на соработката со средните училишта од други општини
16. Соработка со родителите, посебно со оние чии деца се со послаб успех
17. Доизградба на ЕКО амфитеатарот во училишниот двор
18. Реконструкција на покривната конструкција и менување на дограмата во подрачните училишта во кои не е сменет
19. Изградба на тоалети во стариот дел од објектот во училиштето
20. Изградба на асфалтирано фудбалско игралиште ( ПУ Манастирец)
21. Поставување на училишна ограда во подрачните училишта каде што нема
22. Електронско водење на книгите во библиотеката што е и препорака од ДПИ

| | | | |
|---|---|---|---|
| 24.08.2016г. | Претседател на комисијата | Претседател на Училишен одбор | Директор |
| Мак.Брод | Милисав Димоски | Вера Китаноска | Тони Ставрески |